

ИЗДАНИЕ БР.3, МЕСЕЦ ЈУЛИ 2018

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

# ФОНДАЦИЈА

Фондацијата “Никола Јанчев“ е основана на 14.02.2018 година.

Основач е г-дин Митко Јанчев, актуелен Градоначалник на Општина Кавадарци. Фондацијата има една единствена цел, да им се помага на луѓето преку хуманитарни активности.

Фондацијата е основана со средства во износ од 10 000 евра а дополнително секој месец целиот износ од градоначалничката плата ќе се префрлува на сметка на фондацијата.

Ова ветување кое го даде Градоначалникот уште во предизборната кампања веќе е исполнето.

Фондацијата во моментот има објавено конкурс за стипендии за учениците од основните и средните училишта како и за студенти.

Визија со која чекориме напред е Општина Кавадарци да прерасне во хумана заедница во која секој на секого му помага, заедница во која жителите ќе се третираат со респект, љубезност и почитување.

Мисијата на Фондацијата е **“Поддршка и помагање на луѓе од Општина Кавадарци на кои им е неопходна помош”.**

Стратешка цел на Фондацијата е:

Хуманитарни активности преку собирање средства и нивно насочување кон одредени сегменти во општеството кои се од интерес за пошироката јавност, како што се образование, животна средина и спорт како и едукација на млади од секоја област.

Фондацијата ќе ги реализира следниве активности:

- Подршка на талентирани студенти од Општина Кавадарци.
- Помагање и подршка на лица кои им е неопходно здравствено лекување .
- Помагање на лица кои потекнуваат од фамилии со социјален статус во Оштина Кавадарци.
- Подршка и потикнување на хуманитарни активности во Општина Кавадарци.
- Организирање на хуманитарни настани во Општина Кавадарци.
- Подршка на талентирани ученици и студенти од Општина Кавадарци.
- Подобрување на животниот стандард на социјално загрозени семејства кои се погодени од елементарни незгоди (пожар, поплава) од Општина Кавадарци.
- Подршка и помагање на деца без родители од Општина Кавадарци.
- Подобрување на животот на лица со пречки во развојот од Општина Кавадарци.
- Подобрување на животот на стари и изнемоштени лица од Општина Кавадарци.

Хуманоста нека ни биде водилка која ќе ја води Општина Кавадарци напред кон човечките вредности кои го прават човекот богат.

www.fnj.org.mk fondacijanikolajancev

# НАШИ ПАРИ ЗА НАШАТА ОПШТИНА

Плаќањето данок на имот е должност на секој граѓанин но во исто време и придонес на поединецот во иднината на неговата општина.

Со редовното плаќање на данок инвестираме во нашата иднина и иднината на нашите деца.

Општина Кавадарци се обидува да ги искористи сите ресурси за да ја насочи општината во правец на развој и современо живеење.

Се обидуваме да создадеме општина која ќе биде на прво место, општина која ќе претставува пример општина со која ќе се гордееме и ќе се чувствуваме сигурни за иднината на нашите деца.

За дел од проектите кои ги реализира Општина Кавадарци средствата се обезбедени од буџетот од данок на имот. Проектите кои се реализираат се за доброто на општината. Нови улици, подобро јавно осветлување, место за изградба на фабрики и отварање на нови работни места, поубави и посовремени училишта, културни манифестации, поубав простор за пензионерите за нивното слободно време се само дел од проектите кои се реализираат.

Решенијата за данок на имот за 2018 година се усогласени со следните параметри:

- Усогласување на м$^2$ по имотен лист;
- Пресметан данок на легализирани објекти;
- Целосно опфатено градежно неизградено и изградено земјиште, тераси, подруми и помошни објекти;
- Постапување по ново донесена одлука за сонирање од мај месец 2017 година.

Општина Кавадарци апелира до граѓаните совесно и одговорно да се однесуваат кон законската обврска за плаќање на данокот на имот затоа што тие пари се користат исклучиво за граѓаните на Општина Кавадарци .

Да создадеме заедно општина која ќе биде убаво место за живеење.

Заедно да инвестираме во нашата иднина.

Општината воедно изразува благодарност за разбирањето и поддршката.

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## НОВ КРУЖЕН ТЕК

Новиот кружен тек кој се наоѓа на спојот на ул. "Блажо Алексов" со "Видое Смилевски" кај мостот Белка веќе го добива коплетниот изглед.

Поставено е улично осветлување и сообраќајни знаци и комплетно се обележани сите коловозни ленти. Со новиот кружен тек значително се подобри сообраќајот во овој дел од градот.

Во наредниот период ќе се започне и со хортикултурно уредување.



## НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК И СПОМЕН КОСТУРНИЦАТА

Во рамките на проектот за редовно одржување, целосно беа заменети старите светилки на единаесет канделабри на партерот околу костурницата како и на петте заеднички столбови кои се носачи на светилки и рефлектори. Освен спомен Костурницата беа заменети и светилки на целата територија на Градскиот парк, заменети се и оштетените кабли од нисконапонската мрежа во канделабрите и од подземната инсталација од јавното улично осветлување.



## 3Д ПЕШАЧКИ ПРЕМИН

Во склоп на манифестацијата "Извиднички караван", група од четворица извидници на стариот пешачки премин кај ООУ"Страшо Пинџур" го обновија пешачкиот премин цртајќи го во тродимензионална техника. Тие со бела, црна и сива боја исцртаа пешачки премин кој од далечина кај возачите создава виртуелна слика се со цел да се намали брзината на возење.

## ЈП КОМУНАЛЕЦ ДОБИ НОВ СКИП



ЈП Комуналец обезбеди нов скип – ровокопач, машина со која можатда се изведуваат неколку активности. ЈП Комуналец заедно со Локалната самоуправа создаваат услови да се намалат трошоците на услугите и изведбените работи, со тоа што наместо трети лица ( фирми) градежните работи сами ќе ги вршат вработените во ЈП Комуналец. Оваа година е предвидено да се вложат 350 илјади евра за набавка на возила и градежни машини.



## ОДМАРАЛИШТЕ НА УЛ."ВАРДАРСКА"

По барање на граѓаните на ул."Вардарска" во фаза е изградба на одмаралиште.

Се заградува просторот со декоративна цигла а во склоп на урбанизацијата е предвидено изградба на чешма, поставување на клупи и хортикултурно уредување.

Со оваа изведба ќе им се овозможи на граѓаните место за одмор и релаксација како и визуелно подобрување на овој простор.

## ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА ВО АКЦИЈА ЗА СРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ



Противпожарната единица континуирано се вклучи во акцијата за средување на Општина Кавадарци. Се менуваат оштетените канделабри, се кастри дрворедот во централното градско подрачје и се средуваат оштетените сообраќајни знаци. Во овој период се извршуваат овие активности, но во иднина Противпожарната единица ќе се вклучува во сите акции кои се од големо значење за Општина Кавадарци и кои придонесуваат за безбедноста и изгледот на општината.



## НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Општина Кавадарци во рамките на комуналната изградба реализира проект за подобрување на опфатенсота на градот со атмосферска канализација. На ул."Пионерска" се работи на целосно нова линија во должина од 265 метри на потегот од раскрсницата со ул."Ресавска" каде новата линија ќе се спои со старата атмосферска канализација. Со овој проект ќе се опфатат површинските води во овој дел на градот.







## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

Во месец јуни се асфалтираа повеќе улици во Општина Кавадарци. Делот од програмата за комунални дејности за асфалтирање на улици забрзано се реализира. Во изминатиот месец беа асфалтирани ул."Методи Цунов-Цико", ул."Праведничка", ул."Ѓоре Брушански", ул."Браќа Цунови", ул."Народни Херои", ул."Струшка" и ул."Јован Планински". Освен асфалтирање некои улици беа доведени до фаза на тампонирање како што е ул."Пано Цунов„, патот до с.Фариш, патот до Овчка река и улици во с.Марена.

Поплочени се ул."Калница", ул."Боро Ваташки" и ул."12 Другари". На ул."Дисанска" изграден е дел од тротоарот. Во исто време се обележува хоризонталната патна сигнализација на сообраќајниците во Општина Кавадарци.

# ОТВОРАЊЕ НА НОВАТА ДЕТСКА ГРАДИНКА





Општина Кавадарци во месец јуни акцентот го стави на асфалтирање, поплочување и тампонирање на улици.

Новиот кружен тек веќе го доби својот конечен изглед останува уште хортикултурното уредување.

Во месец јуни планирани се доста значителни активности преку кои програмата за 2018 година се реализира со забрзано темпо а резултатите се очигледни. Потребата од слободни места во детските градинки конечно ќе биде задоволена со отварањето на новата детска градинка кое е предвидено за почетокот на месец јули.

СЦ Јасмин ќе добие трим патека, а тоа ќе биде само почеток за сите проекти кои ќе го направат овој спортски центар современ. Лимените гаражи кои преку акција на општината се отстрануваат во месец јули ќе добијат соодветно место, односно плац кој ќе биде ограден и соодветно уреден.

Нова атмосферска канализација ќе се поставува на ул.“Пионерска„, ул.“Брушанска„, ул.„Јован Планински“, ул.“Владимир Назор“, ул.“Рајко Жинзифов“ и на Западен булевар.

Ќе се асфалтираат и поплочуваат улици во с.Марена, с.Сопот, с.Бегниште, с.Ресава и с.Чемерско. Додека во градското подрачје ќе се поплочува ул.“Божо Димов“, нови тротоари ќе добијат улиците “Божо Димов“, “Блажо Алексов“, бул.“Моша Пијаде“ и ул.“Илинденска“.

**ООУ "Страшо Пинџур"**

Во изминатиот месец Јуни во ООУ "Страшо Пинџур„ беа реализирани голем број вонnаставни активности.

По повод завршувањето на учебната 2017/2018 година драмската секција при ООУ„Страшо Пинџур" на ден 06.06.2018г. во просториите на Домот на Културата "Иван Мазов-Климе" ја изведе драмата„ Бегалка„ од Васил Иљоски. Учествуваа:Милица Трајкова, Блаже Дамјановски, Александар Стојков, Мери Ѓорѓиева, Матеа Мукаетова, Надица Атанасова и Надица Коцева под менторство на Зорица Атанасова. Учествуваа и учениците од I а одделение под менторство на наставничката Тодорка Каровска.

Драмата предизвика бурен аплауз од страна на полната сала.

Беше реализирана настава во природа со учениците од петто одделение на Тема Културното богатство на Р.Македонија.

Наставата се изведуваше во Мајски цвет во Струга со времетраење од четири дена каде што учениците посетија повеќе знаменитости во Битола, Охрид и Струга. Теренската работа треба да овозможи подобро знаење и разбирање на околината во која живееме. Преку директно набљудување и истражување децата ќе дојдат до потрајни и побогати сознанија.

Учениците од V-Б одделение учествуваа во проектот за деца и млади "Цртаме за нашето културно етнолошко богатство".

Учениците добија несекојдневна можност да ги утврдат знаењата по предметот општество. Културното наследство на тлото на Р.Македонија преку цртање по набљудување во разни техники на етно предмети, облеки од музејот и музички инструменти од собата на Васил Хаџиманов.

Учениците од прво до деветто одделение учествуваа на извидничкиот одред„Соколи" на ден 04.06.2018 година.

Настанот се одржа во Градскиот парк во Кавадарци каде на седум работилници младите од Македонија и Кавадарци се запознаваа и учеа вештини кои ќе им користат во животот, ќе ги анимираат и ќе значат нова содржина за нив. Првиот дел од караванот, граѓаните и извидниците од Кавадарци имаа можност да ги искусат извидничките игри и активности и да се запознаат со извидничкото движење, додека вториот ден, заедно со локалната самоуправа беше реализиран и нацртан 3Д пешачки премин пред
О.У. Страшо Пинџур, за зголемување на свеста кај возачите и зголемување на безбедноста на децата.









**ООУ “Димката Ангелов Габерот“**

На 08 јуни 2018 година ООУ " Димката Ангелов Габерот " с.Ваташа го прослави својот патрон празник. Свежо цвеќе на бистата на Габерот положија директорот на училиштето Марјанчо Јанкулов и Градоначалникот на Општина Кавадарци г-дин Митко Јанчев. Културно уметничка програма по повод 75 години од загинувањето на Габерот и 70 години од изградбата на училиштето , беше одржана во Домот на Културата во с.Ваташа, подготвена од учениците и нивните наставници.

КК "СПОРТИСИМО" традиционално и оваа година (по 16-ти пат) за крај на сезоната го организира "streetball" турнирот во кошарка за своите членови.

Турнирот се одигра на терените на ООУ Гоце Делчев а учествуваа околу 100 натпреварувачи од 4 -15 години.

Пред краткиот одмор за играчите на КК "СПОРТИСИМО" претстои уште силниот кошаркарскиот камп во Златибор на кој учествуваат кошаркари од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Бугарија.

ООУ "Димката Ангелов Габерот" с.Ваташа доби државни прваци во џудо.

На Државното првенство за основни училишта кое се одржа на 26 јуни во Скопје, прво место освоија Игне Петров (6 одд.) и Никола Петров ( 4 одд.) и со тоа станаа државни прваци на Р.Македонија во џудо за основни училишта , а додека бронзен медал за освоено трето место доби ученикот Тоше Петров ( 4 одд.)

Континуираните успеси на Никола Петров му обезбедија место и во џудо-репрезентацијата на Р.Македонија.

Ученикот Тодор Пењушков од 6 одделение од ООУ "Димката Ангелов Габерот" с.Ваташа ,освои прва награда на фестивалот за детско поетско творештво " Детски Лирски Треперења " кое се одржа во Охрид.Тој ја имаше честа да ја затвори вечерта со неговиот првонаграден прозен текст “Писмо“.

Со освоеното прво место на овој конкурс, Тодор ќе ја претставува Р.Македонија на меѓународниот натпревар во Швајцарија.





## ОДБЕЛЕЖАНИ 75 ГОДИНИ ОД СТРЕЛАЊЕТО НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ

На споменикот во Моклиште, кој сведочи за големиот масакар кој го изврши бугарскиот фашистички окупатор на 16 јуни 1943 година свежо цвеќе положија Градоначалникот на Општина Кавадарци м-р Митко Јанчев, семејствата на починатите, советници во Совет на Општина Кавадарци , претставници на политичките партии, Сојузот на борци, претставници на АРМ од гарнизон Криволак, моторџиите од „Тиквеш рајдерс" и навивачката група „Лозари-исток".

Градоначалникот Митко Јанчев нагласи дека злосторот во Ваташа сведочи за едно тешко минато време, но и за храброста на младинците, Кустот-историчарот Марија Михова го опиша и злоделото кое го извршија тогашните фашистите.

Учениците од ООУ "Димката Ангелов Габерот" с. Ваташа изведоа рецитал за 12 те младинци, а химната на Ваташа, како што ја нарекуваат ваташани "Ми заплакало селото Ваташа" ја исполни естрадната уметничка Катерина Танева, која потекнува од ова село.

## СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД 75 ГОДИШНИНАТА ОД СТРЕЛАЊЕТО НА 12-ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ

Во реконструираната сала на Спомен домот на културата во селото Ваташа беше одржана Свечена академија по повод 75 години од стрелањето на 12 те ваташки младинци : Перо Видев,Герасим Матаков,Блаже Ицев,Данко Дафков, Илчо Димов,Пане Мешков,Пане Џунов,Ристо Ѓондев,Ванчо Гурев,Диме Чекоров,Ферчо Поп Ѓоргиев и Васо Хаџијорданов.

Градоначалникот на Општина Кавадарци Митко Јанчев чие обраќање беше впечатливо на почетокот нагласи дека сме горди на нашето минато, во кое сплотеноста луѓето ги правело силни и им давало мотив за да продолжат понатаму. Тој рече дека: „Масакрот остана забележан како еден од најголемоите злосторства на фашистите во Втората светска војна„ и продолжи;„Со длабок наклон полн со почит стоиме пред ова минато пред историјата која е испишана ,историја поради која сме денес тука."



## 105 ГОДИШНИНАТА ОД ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ

Овој ден беше одбележана со полагање цвеќе на споменикот кај паркот Поланата. Цвеќе положи делегација на Општина Кавадарци предводена од Градоначалникот Митко Јанлчев, Советници од Советот на Општина Кавадарци и Сојуз на борци од НОБ. Марија Михова од Музеј Галеријата потсети на самото востание, а извадоци од книгата Тиквешкото востание прочитаа младинци од Кавадарци. Градоначалникот Јанчев рече дека треба се потсетуваме и да не ги заборавиме значајните датуми од нашата историја.



## УЧИМЕ И ЦРТАМЕ ЗА НАШЕТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Музеј-галерија Кавадарци во соработка со Дневниот центар за деца со посебни потреби од градот неколку години по ред успешно реализира Проект``Учиме и цртаме за нашето културно наследство`` посетувајќи значајни споменици на културата.

На 12-ти овој месец беше посетен манастирот Св.Архангел Михаил-Бошавски, манастир каде децата се запознаа со амбиентот, убавините и значењето на овој наш манастирски бисер кој датира од 1839 година.

Тие преку цртање, боење и моделирање, преку игра и во добро расположение научија за значаењето на овој манастирски комплекс каде ги креираа своите дела.

Проектот го реализираа:

Раководител на проектот: Весна Ѓорѓиева, соработник Трајче Цветков од Музеј галерија Кавадарци.

Ана Камчева, Надица Ристовска Лазаров – дефектолози и Весна Дуброва – педагог од Дневниот центар- Кавадареци.

# ТЕАТАРОТ ВО



Изминатиот месец беше исполнет со квалитетни Културни настани, за секој вкус. Две промоции на книги, годишниот концерт на балетското студио “Венус“, целовечерен концерт на Македонскиот фолклорен бисер “Танец“, за некој ден е промоцијата на првата Македонска Рок Енциклопедија, а после два месеци интензивни проби на 21 јуни се случи и премиерата на “Ужасите предизвикани од пасивно пушење“. Според реакциите на љубителите на комедијата за време на премиерата но и после неа и според тоа дека првата и втората реприза се продадоа неколку дена однапред знаеме дека имаме нова хит комедија од Таеатарот при Домот на Културата “Иван Мазов-Климе“.

Режисерот Јордан Витанов е презадоволен од тоа како актерите го донесоа на сцена текстот на Српскиот драматург Небојша Ромчевиќ, а и самите актери беа задовлни како помина премиерата и првата реприза.

# КАВАДАРЦИ




Диме Коцевски, Видан Станоев, Диме Боцев, Љупчо Настов, Коле Колев и Валентина Ѓоргиова беа актерите кои го понесоа “товарот“ на новиот Театарски проект.

Публиката воодушевена, со солзи во очите од смеа, немаше возрасни граници, младо и старо собрани на едно место.

Актерската екипа иако за кавадарачани добро позната уште еднаш ни покажа дека Кавадарци има со што да се гордее.

Доловени емоции, оригинално пренесени елементите на комедијата и што е најважно од се публиката задоволна.

Театарот во Кавадарци има отворен пат за едно издигнување на повисоко скалило и оваа претстава е само доказ за тоа дека се движиме по вистинскиот пат.

На оваа претстава и следуваат уште многу репризи за кои ќе се бара влезница плус.






## АлШар – ДОПРИ ГО СОНЦЕТО

Здружението Тиквешки Точакџии – Кавадарци во 2016 година го организира настанот АлШар 2016, оваа година по трет пат бевме сведоци на една несекојдневна и возбудлива авантура. Настанот е збогатен со културна програма но акцентот е ставен на велосипедските и планинарските тури. Над 1500 учесници и над 4000 посетители беа и самите автори на оваа приказна која е тешко да се прераскаже. Во организацијата беше вклучена и Општина Кавадарци како и сите релевантни институции кои покрај обврската што ја имаат за безбедност, заштита и грижа за граѓаните работеа и со срце и големо задоволство.

Да се биде дел од АлШар е привилегија која бара еден единствен услов, желба да се почуствува дел од богатата природа на Тиквешијата. И приватниот сектор безрезервно секоја година дава поддршка и се вклучува во големата организација.

Сончевото време е добредојдено но и лошите временски услови трета година по ред не беа пречка за учество и уживање.

По завршувањето на настанот организациониот одбор додели благодарници на сите кои учествуваа и помогнаа да се реализира настанот АлШар 2018.






**КАВАДАРЕЧКИ НОЌЕН ПОЛУМАРАТОН**

Атлетскиот клуб Меридијан Атлетик Еко Клуб од Кавадарци оваа година го организираше Кавадаречкиот ноќен полумаратон. За прв пат во Кавадарци се организира ваков настан и за среќа големиот број на учесници и добрата организација создадоа една убаво организирана трка. Полумаратонот се оддржа на 9 ти јуни во ноќните часови во 3 категории. Полумаратонот зема и меѓународен замав со учесници од повеќе држави. Временските услови не беа одлични но тоа не претставуваше пречка за учесниците кои му дадоа спортски дух на кавадаречките улици. Кавадаречкиот ноќен полумаратон доби поддршка и од Општина Кавадарци и се надеваме дека ќе прерасне во традиционален спортски настан.

**МОТО ФЕСТ 2018**

Оваа година по трет пат во Кавадарци се организираше Мото фест. Како главен организатор се јавува Tikvesh Riders а целата организација беше помогната од приватниот бизнис сектор и Општина Кавадарци.

Освен забавно – културната програма беше организирано и дефиле со мотори низ Кавадарци. Мото фестот приреди забава која треше 3 дена со простор за кампинг, простор за храна и гостопримливи домаќини кои оваа година и покрај лошите временски услови пречекаа многу гости од сите краеви на Македонија. И овој настан полека пишува своја традиција и создава свој бренд.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



# ЛИЧНОСТ НА МЕСЕЦОТ

## ДРАГАНЧО БОЖИНОВ

Драганчо Божинов е роден 03.10.1993 година во Кавадарци.

Своето основно и средно образование го завршува во Кавадарци, а потоа продолжува со студии за графички дизајн на универзитетот ФОН во Скопје.

Во 2015 година дипломира и се стекнува со диплома за графички дизајнер.

Со желба да го надогради своето знаење се запишува на специјалистички студии за графички дизајн и истовремено учествува на многу семинари од областа на дизајнот и уметноста.

За да се издвои од останатите  во 2012-та започнува да изработува уникатни слики – изработени со талог од кафе кои навистина му донесоа голема слава.

Позитивните коментари со пофалби за неговите слики со оваа техника на сликање пристигнаа и од САД, каде што кавадарчанецот за прв пат изложи дел од своите дела во јули 2013-та во New York.

Во април 2014-та за прв пат прави самостојна изложба во Скопје насловена “ Мојата КАФЕмоција “, истата година во септември по втор пат учествува на групна изложба во New York – Times Square, а во декември се издвојува како еден од 100-те финалисти на интернационалниот фестивал Скопје Постер каде што учествува на групна изложба со плакат на тема – „ Дизајн за мир “

Ова се дел од неговите почетоци каде покасно зема учество и освојува награди во многубројни групни изложби во и надвор од Македонија.

Последно е добитник на прво место за плакатот насловен “ На смртта со насмевка “ каде наградата му беше доделена во Скопје – од страна на организаторите за манифестацијата “ Млади уметници ”.

Денес Драганчо работи и живее во Скопје, а е вклучен во проекти во Уганда, Берлин и Минхен.

Тој продолжува со градењето на својата кариера и секојдневно – неуморно работи на свои нови дела со нова техника – за кои смета дека повторно ќе се издвои од останатите.

Подготовките за неговата нова самостојна изложба се во тек и според плановите истата сака да ја реализира во текот на 2019-та година.

# ОД СРЦЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ






Од своите почетоци во 1994 година, ИГМ –Трејд рапидно се развива како гринфилд инвестиција и прераснува од фамилијарна компанија за трговија во една од најголемите фабрики за челични цевки и профили во Југоисточна Европа.

Денес компанијата има 400 вработени кои работат во Кавадарци.

Производните погони се опремени со 15 производни линии за цевки со вкупен годишен капацитет од 300.000 тони. Континуирано се инвестира во нова технологија за да се зачува лидерската позиција. ИГМ-Трејд е извозно ориентирана компанија со фокус на пазарите од ЕУ и ЦЕФТА каде што се пласира 95% од вкупното производство. Кон таа цел компанијата вработува млад, едуциран и енергичен кадар за градење на долгорочни односи со купувачите. Покрај главниот бизнис, компанијата се занимава со преработка на челични котури во челични табли и траки со планови за иден развој на оваа дејност и формирање на регионален сервис центар. Во 2015 година ИГМ-Трејд за прв пат ги прошири своите производни капацитети надвор од границите на Република Македонија со купување на поранешен ALPOS – фабрика за цевки и профили лоцирана во Шентјур, Словенија. Оваа инвестиција нуди голем број на маркетиншки, технолошки и логистички придобивки и претставува начин компанијата да се доближи кон своите купувачи во Европа и да го зголеми своето присуство на Европскиот пазар.

ИГМ-Трејд како општествено – одговорна компанија се вбројува во компаниите кои преку донации придонесуваат Општина Кавадарци да се искачува по скалилата за современа и развиена општина.

Во делот на подобрување на хигиената во Општина Кавадарци ИГМ-Трејд придонесе преку донирање на современа метларка која е предадена на користење на ЈП Комуналец.

Во делот пак на безбедноста на општината, донирани се околу 600 метални столбови кои се поставени на тротоарите се со цел побезбедно движење на пешаците и оневозможено непрописно паркирање.

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

На неколку часа пред втората реприза на веќе слободно можам да кажам новата хит комедија на Театарот при Домот на Културата, неколку збора за третото издание на Градски Муабети. Времето надвор (како и последните две недели) врнежливо, сиво, тажно, депресивно да не речам. Амааа за кого како, на пример мене еве не ми смета времето, и не го користам за изговор да не правам тоа шо сакам, а и не сум сам знам, ајле не има тиа шо не бараме изговори за да си поминиме убаво. Времето е такво какво е и како ни кавдарчани шо викаме си плаче за слободни активности. А нив ги имаме на препад виа денови, од разновидни културни настани (изложби, промоции на книги, концерти, театар), преку преполни кафиќи и кафенињa, и разбира се до светското првенство у фудбал. Значи од се по нешто, кој до шо му е дојдено. А на голем дел од кавдаречките чаршички човеци му е секогаш дојдено до барем едно нешто од виа работи шо и спомнав погоре. Мене дури и за се од гореспоменатото. Не сум испуштил ни една активност во Домот на културата (и тоа не е само затоа шо сум вработен таму), а со самото тоа можам да ви кажам дека се шо имаше да ни понуде "Иван Мазов-Климе"беше посетено од солидна бројка на љубители на уметностите. Редовен низ кавдаречките и ваташките кафиќи и кафенињa, оти нели кажаме ниа пат дека таму се кале чаршичкиот занает, таму се учат работи кои ни на Google нема да ги најдиш, оти таму секој за се е експерт (по вторта, третта итн чашка, зависи кој колку друже). И нормално, виа месец е месец на фудбалските експерти на ФБ, месец на светското првенство у најважната споредна (а за многумина и не толку споредна ) работа у светот, фудбалот. И тука ме има. И за гледање а богами и за "експертиза" и анализирање на утакмиците. Кој ќе биде прв у групата, кој ќе биде најдобар стрелец, најдобар фудбалер, кој ќе биде светски првак?! Секој си има своја теорија, свој план како ќе изгледа осмина финалниот костур, па четврт па полу и на крај финалето. Пaѓат тешки дебати ки шо се гледа фудбалот, и тогаш у тиа момент сите се претвараме у Муриньовци, Гвардиоловци, Капеловци. Се бистрат тактиките до раните утрински часови, и така секоа вечер до 15ти јули. А дебатите скоро секогаш завршуват со една ногу позната кавдаречка мудрост: "Ја не знам како е, ама ти ка шо викаш не е така"...

Се запиша ја, а треба да си го повторам текстот, оти за 3 саата почиња втората реприза на "Ужасите предизвикани од пасивно пушење". До наредната наша дружба, секое добро.

П.С. Белгија ќе биде светски првак а Лукаку најдобар стрелец...

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иноватива Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
**Фотографи:** Мартин Димов, Ристе Стамаџиев, Диме Стаменов
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk